# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, 25.10.2007 година

**Заклучоци и препораки од 12.седница на НСП**
одржана на ден 19.10.2007 година

1. **Усвојување на записникот од 11.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои записникот од 11.седница на НСП.

2. **Усвојување на записникот од вондредната седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија, одржана на 05.10.2007 година.**

Советот го усвои Записникот од вондредната седница на НСП заедно со следниот Заклучок:
По одржувањето на состанок по покана од Здружението на банки, помеѓу преставници од банките во поширок состав, Министерството за финансии и Народна банка, донесените Заклучоци за прашањата на банките во врска со имплементацијата на новиот Закон за платен промет на вондредната седница добиваат статус на неусогласени и отворени прашања по кои, во периодот што следи до стапувањето на сила на новиот Закон за платен промет, претставниците од надлежните институции и банките ќе продолжат да работат на изградување ставови до нивно целосно усогласување и верификување на нова вонредна седница на НСП.

3. **Формирање на работни групи согласно акциониот план за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година.**
4. **Следење и информирање за превземени активности согласно акциониот план за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година.**

Советот го спои разгледувањето по точките 3 и 4 од дневниот ред преку поединечна дискусија по секоја од одделните стратешки насоки од Акциониот план за имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година, со цел поефикасно согледување на презмените и потребните идни активности за нивна реализација. Носителите за имплементација на стратегијата по одделните точки од Акциониот план го информираа Советот за спроведените активности и активностите кои се во тек, како и ги нотираа сеуште отоворените прашања од чие надминување зависи и натамошната имплементација на Акциониот план, и ги донесе следните заклучоци и препораки:
- за формирање на работните групи (точка 3 од дневниот ред), задолжените координатори со Акциониот план по одделните стратешки насоки да побараат писмено номинирање на договорениот број претставници од институциите кои ја

**Народна банка на Република Македонија**
Комплекс банки б.б., 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-282
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3122-109
**www.nbrm.gov.mk**

формираат работната група и писмено да го известат НСП за составот на истата. Заради континуитет во работата, за стратешката насока 3.2.1., Советот препорача координаторот на оваа работна група - Министерството за финасии да ја продолжи работата преку работната група која учествуваше во подготовката на новиот Закон за платен промет;

- при изготвување на подзаконската регулатива по Законот за платен промет, регулаторните тела (Министерството за финансии и Народната банка) своите предлози пред нивно донесување да ги достават на мислење до банките;

- за стратешката насока 3.2.3., активностите околу примена и работа преку трансакциски сметки на сите учесници (правни и физички лица) во платниот промет и пријавување на истите во ЕРИС од страна на на банките како носители на платен промет, да се поделат на два дела а) за извршување на платни трансакции преку трансакциски сметки и б) за извршување на платни трансакции према трети лица во кеш. За активностите под а), банките да ги реализираат сите потребни активности за пријавување на постојните тековни сметки како трансакциски и пријавување на нови, додека за активностите под б) околу постапката и начинот на нивно извршување да се обезбеди усогласен став со Министерството за финансии, имајќи ги во вид и резултатите од спроведената анкета за праксата во други земји спроведена од страна на НБРМ;

- за стратешката насока 4.1, прифаќањето на Базичните принципи и 4-те одговорности на централната банка од страна на Народна Банка на Република Македонија ќе се реализира преку подзаконската регулатива. Од аспект на системите за порамнување на хартии од вредност потребно е прифаќање на стандарди и препораки и методологија за нивна проценка од страна на Комисијата за хартии од вредност во соработка со Министерството за финансии.

- за стратешката насока 4.2 се прифати иницијатива за организација на семинар од областа на платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност во текот на идната година во соработка со експерти на Централната банка на Холандија и експерти обезбедени од страна на банките и Министерството за финансии. Темите на семинарот ќе бидат заеднички утврдени помеѓу основачите на НСП.

- Стратешките насоки 3.2.2, 3.2.6, 4.2 се во фаза на нивна реализација и потребно е да се реализираат до крајот на 2007 година, а стратешката насока 4.4 е реализирана со новиот Закон за платен промет. Останатите стратешки насоки подразбираат континуирана работа до 2011 година односно до целосна имплементација на Стратегијата.

Емилија Нацевска,с.р.
Вицегувернер
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи